# Вовед во античката книжевност

Под книжевност се подразбира пишување на книги, односно книжевни дела кои имаат значајна вредност за човештвото. Книжевноста што се создавала на старогрчки и на латински јазик во антиката се вика **античка или класична книжевност**. Книжевноста пишувана на старогрчки јазик се нарекува **хеленска**, додека книжевноста пишувана на латински јазик се нарекува **римска**.

Според тоа дали книжевните дела се пишувани во стих или проза, античката книжевност се дели на **уметничка** и **прозна**. Во уметнички книжевни родови спаѓаат **епика**, **лирика** и **драма**. Тие биле пишувани во стих. Меѓу нив најстара е епиката. Во прозни книжевни родови спаѓаат **говорништво**, **историографија**, **философија** и **уметничка проза**. Овие биле пишувани во проза, а философските дела биле меѓу најистакнатите и најценетите.

Во антиката книжевните дела ретко биле читани во затворен простор (дома), тие повеќе се слушале или гледале на јавни места, затоа што книгите пишувани папирус биле недостапни и скапи предмети на древните пазари. Само благородниците што се занимавале со книжевноста (поети, философи, говорници) можеле да си дозволат да купат празен папирусен свиток. Во класичниот период во Хелада и во Рим книгите станале луксузен предмет на богатите граѓани.



Папирусен свиток

Антички скрипториум



За да не се загубат со текот на времето поради тоа што папирусот или пергаментот со текот на времето се оштетувале и распаѓале, книгите биле умножувани со препишување во „антички препишувалници“ наречени **скрипториуми** каде што работеле бројни писари коишто воделе сметка за точноста и читливоста на препишаниот текст од еден на друг папирусен или пергаментен лист. Со препишување биле зачувани бројни дела од античката книжевност сè до денес.

Фрагмент од папирус



Поради трошноста на папирусот како материјал за пишување, опстанокот на многу книжевни дела бил препуштен на случајноста. Затоа за античката книжевност се вели дека е **фрагментарна**, односно со други зборови зачувани се само делови од текстот на некоја книга или пак само насловот на книгата.

**Извори: *Класичната култура во европската цивилизација*, учебник за VI одд., Весна Димовска-Јањатова и Весна Томовска, Графички центар ДООЕЛ, Скопје, 2010 год., стр. 25-27**

## Речник на непознати поими:

**Фрагмент** – парче, дел од папирус што се зачувал до денешен ден
**Скрипториум** – просторија за препишување на книжевните дела од античката книжевност

**Mythos е под заштита на Creative Commons**
**Сопственост на Ненад Начковски**
BY NC ND